# На мермер плоча Ѓула стоеше




На мермер плоча Ѓула стоеше,
Везенјот гаќник Ѓула стегаше,
Ѓула го агата чекаше.

Ѓула се качи, џанам, на амбарот,
Опули очи Ѓула нагоре,
Опули очи, на доле.

Го догледа ла Ѓула агата,
Шарени волои ага, тераше,
Црно магаре јаваше.

Рипнала Ѓула, џанам, слегнала,
Плуснала раци Ѓула од радост,
Што си е дошол, агата.

Пеел Пане Смокот од село Долни Дисан—Тиквешко, 1938 година.

Хаџиманов, Васил. Македонски народни песни. Моми тиквешанки. Скопје: Македонска книга, 1968.